Предмет: **И.бр. 6400/16**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање прво по ред на недвижности означени како:

**1. Стан во Скопје, на ул. Џон Кенеди број ББ,** кој лежи на: КП бр. 3847 дел 1 Адреса (улица и куќен број на зграда) Џон Кенеди, број на зграда 1, намена А2, влез 002, кат МА2, број 44, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 72м2, запишан во **Имотен лист број 92692 за КО Чаир.**

Почетната вредност на недвижноста, е утврдена на износ од **2.781.425,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

**2. Градежно земјиште во Скопје, во КО Илинден,** кое лежи на: КП број 1758, дел 1, место викано Трница, со вкупна површина површина од 2028м2, запишано во **Имотен лист број 3383 за КО Илинден.**

Почетната вредност на недвижноста, е утврдена на износ од **15.615.600,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

**Со оваа недвижност во пакет се продаваат и објекти кои се изградени на КП 1758 дел 1, кои не се запишани во имотниот лист број 3383 за КО Илинден и претставуваат бесправно изградени објекти, и тоа:**
**1. Објект 1:** приземје + кат 1, приземје – внатрешна површина 28м2, кат 1 – внатрешна површина 27м2; помошна површина тераса 11м2 на кат.
Почетната градежна вредност на Објектот 1 се утврдува на износ од **269.438,00 денари,** под која објектот не може да се продаде на првото јавно наддавање.
**2. Објект 4:** приземје – настрешница, дрвена конструкција покриена со лим со површина од 168м2.
Почетната градежна вредност на Објектот 4 се утврдува на износ од **409.825,00 денари,** под која објектот не може да се продаде на првото јавно наддавање.
**3. Објект 5:** помошен објект – бунар со површина под објектот од 2м2.
Почетната градежна вредност на Објектот 5 се утврдува на износ од **6.406,00 денари,** под која објектот не може да се продаде на првото јавно наддавање.
**4. Објект 6:** помошен објект, со внатрешна површина од 2м2.
Почетната градежна вредност на Објектот 6 се утврдува на износ од **7.823,00 денари,** под која објектот не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **12.05.2017 година во 11:00 часот во просториите на извршителот Даница Страчкова од Скопје** на ул. 8-ма Ударна Бригада Бр. 20-А-1/2.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

Предметните недижности не се оптоварени со товари и службености.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот Даница Страчкова од Скопје со бр. 530010901447317 даночен број 5057009500049 депонент на Охридска Банка АД Скопје.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба. Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.